# ОБЈАВА

**Шаховски клуб на Ветерани Скопје72 - Скопје, во согласност со семејството СОТИРОВСКИ и логистичка подршка на ШК Алкалоид, а во спомен и незаборав на Шаховската легенда го објавува**

***ВТОРИОТ МЕМОРИЈАЛЕН ВЕТЕРАНСКИ ТУРНИР „БЛАГОЈА СОТИРОВСКИ – ЏАГУРЕ“***

Турнирот ќе се одигра на 5-ти и 6-ми СЕПТЕМВРИ 2026 г. во девет кола, швајцарски систем, во просториите на шаховскиот клуб АЛКАЛОИД, ул. „Јордан Мијалков“ бр.40 (по старо Железничка). На првиот ден (05.09.2026), ќе се играат 5 кола а останатите 4 во наредниот ден.

Право на учество имаат сите регистрирани играчи на македонската рејтинг листа родени пред 1967 година. Организациониот одбор ја утврдува листата на учесници. Поради ограничени просторни можности, вкупниот број на учесници ќе биде ограничен на 36 играчи. Организаторот го задржува правото на селекција од пријавените шахисти при што предност ќе имаат поканетите гости и редовните членови на ШКВ Скопје72.

Организациониот одбор го сочинуваат: Љубомир Хаџи-Манев, Влатко Бужаровски и Драган Наунов

- Директор на турнирот: инг.Илија Стошевски.
- Турнирот ќе се игра по правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Играчите ќе имаат по 15 минути за партија со додавање 10 секунди по потез почнувајќи од првиот.
- Турнирски одбор (одлучува при евентуални спорови) се бира на почеток на турнирот.
- Турнирот ќе се рејтингува во ФИДЕ
- Главен судија на турнирот: Вахидин Исмаили, ФИДЕ судија
- Потврда на пријавата (лично) на 05 септември заклучно до 10 ч.,
- Првото коло ќе започне веднаш после свеченото отворање и ќе се играат 5 кола.
- Вториот ден (06 септмври) ќе се играат останатите 4 кола, со почеток во 10,30 ч.
- Прогласување на победници и доделување на наградите ќе биде веднаш по завршеток на последното коло.

Прилог на учесниците кон организацијата на турнирот е 1000 денари.

Наградниот фонд е распореден во шест награди:

I. 12.000 II. 8.000 III. 6.000 IV. 4.000 V. 3.000 и шеста награда од 1500 ден. за најдобропласиран шахист од осумте најслабо рангирани

Првопласираните тројца шахисти добиваат медали, а победникот и пехар.
Организаторот го задржува правото да направи измени во бројот и висината на наградите доколку се пријават помалку од 24 шахисти.

При делба на место, редоследот на наградените се одредува според:
1. Бухолц -1, 2. Бухолц, 3. Прогрес, 4. Меѓусебна средба

Пријавувањето на шахистите е лично на телефон 074/205 236 - Илија Стошевски или кај Љубомир Хаџи-Манев тел. 070/267-565, како и на е-меил: veterani.skopje72@gmail.com најдоцна до 04.09 (петок) до 15 часот.

Скопје, 05.08.2026 г.

ШКВ Скопје72

Претседател, инг. Илија Стошевски, ср